
ISSN 1857 - 92
INTERNATIONAL
JOURNAL
Institute of Knowledge Management
KNOWLEDGE
ikm
Scientific papers
Vol. 14.2.
THE POWER OF KNOWLEDGE
IJK, V. 14.2, 432-859, Skopje, 2016
http:globalimpactfactor.com/knowledge-internationl-journal/
Global Impact and Quality Factor 1.023 (2015)

KNOWLEDGE

# INTERNATIONAL JOURNAL

# SCIENTIFIC PAPERS

# VOL 14.2

7-9 October, 2016

Agia Triada, GREECE

**INSTITUTE OF KNOWLEDGE MANAGEMENT**

**SKOPJE, MACEDONIA**

# KNOWLEDGE

## International Journal Scientific papers Vol. 14.2

**EDITORIAL BOARD**

Vlado Kambovski PhD, Robert Dimitrovski PhD, Siniša Zarić PhD, Maria Kavdanska PhD, Venelin Terziev PhD, Mirjana Borota – Popovska PhD, Predrag Trajković PhD, Jove Kekenovski PhD, Svetlana Trajković PhD, Zivota Radosavljević PhD, Margarita Koleva PhD, Mile Matijević PhD, Nonka Mateva PhD, Rositsa Chobanova PhD, Aleksandar Nikolovski PhD, Marija Knezević PhD, Snežana Miličević PhD, Irina Singaveskaya PhD, Dzulijana Tomovska PhD, Oliver Dimitrijević PhD, Nedzat Koraljić PhD, Nebojsha Pavlović PhD, Nikolina Ognenska PhD, Dimitrija Popovski PhD, Lisen Bashkurti PhD, Tome Naumov PhD, Trajce Dojcinovski PhD, Jana Merdzanova PhD, Zoran Srzentić PhD, Nikolai Sashkov Cankov PhD

**Preparing and correction:** Liljana Pushova

**Print:** GRAFOPROM – Bitola

**Editor:** IKM – Skopje

**For editor**
Robert Dimitrovski, PhD

**KNOWLEDGE**

**International Journal Scientific Papers Vol. 14.2**

**ISSN 1857-92**

## SCIENTIFIC COMMITTEE

**President:** Academic, Prof. Vlado Kambovski PhD

- Prof. Robert Dimitrovski PhD, Faculty of Management, MIT University, Skopje (Macedonia)
- Prof. Zivota Radosavljevik PhD, Dean, Faculty FORCUP, Union University, Belgrade (Serbia)
- Prof. Venelin Terziev PhD, University of Rousse (Bulgaria)
- Prof. Rosica Cobanova PhD, Bulgarian Academy of Sciences (Bulgaria)
- Prof. Aleksandar Nikolovski PhD, FON University, Skopje (Macedonia)
- Prof. Anita Trajkovska PhD, Rochester University (USA)
- Prof. Sinisa Zaric, PhD, Faculty of Economics, University of Belgrade (Serbia)
- Prof. Milan Radosavljevic PhD, Dean, Faculty of strategic and operational management, Union University, Belgrade (Serbia)
- Prof. Anka Trajkovska-Petkoska PhD, UKLO, Faculty of technology and technical sciences, Bitola (Macedonia)
- Prof. Predrag Trajkovic PhD, JMPNT, (Serbia)
- Prof. Lidija Tozi PhD, Faculty of Pharmacy, Ss. Cyril and Methodius University, Skopje (Macedonia)
- Prof. Bistra Angelovska, Faculty of Medicine, University “Goce Delcev”, Shtip (Macedonia)
- Prof. Misho Hristovski PhD, Faculty of Veterinary Medicine, Ss. Cyril and Methodius University, Skopje (Macedonia)
- Prof. Jove Kekenovski PhD, Faculty of Tourism, UKLO , Bitola (Macedonia)
- Prof. Sasho Korunoski, Dean, Faculty of Tourism, UKLO, Bitola (Macedonia)
- Prof. Cvetko Andreevski, Vise rector, Faculty of Tourism, UKLO, Bitola (Macedonia)
- Prof. Margarita Koleva PhD, Dean, Faculty of Pedagogy, University Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Aleksandar Donchev, MIT University, Faculty of Law, Skopje (Macedonia)
- Prof. Maria Kavdanska PhD, Faculty of Pedagogy, University Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Mirjana Borota-Popovska, PhD, Centre for Management and Human Resource Development, Institute for Sociological, Political and Juridical Research, Skopje (Macedonia)
- Prof. Marija Topuzovska-Latkovic, PhD, Centre for Management and Human Resource Development, Institute for Sociological, Political and Juridical Research, Skopje (Macedonia)
- Prof. Marija Knezevic PhD, Academic, Banja Luka, (Bosnia and Herzegovina)
- Ljupco Naumovski PhD, Forum for Mobility and Research, Bitola (Macedonia)
- Prof. Oliver Iliev PhD , Faculty of Communication and IT, FON University, Skopje (Macedonia)
- Prof. Dimitrija Popovski PhD, Faculty of Sport, Ss. Cyril and Methodius University, Skopje (Macedonia)
- Prof. Yuri Doroshenko PhD, Dean, Faculty of Economics and Management, Belgorod (Russian Federation)
- Prof. Ilija Nasov PhD, Research and Development center PLASMA, Skopje (Macedonia)

- Prof. Sashko Plachkov PhD, Faculty of Pedagogy, University Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Ivan Petkov PhD, Rector, European Polytechnic University, Pernik (Bulgaria)
- Prof. Vladimir Lazarov PhD, European Polytechnic University, Pernik (Bulgaria)
- Prof. Tosko Krstev PhD, European Polytechnic University, Pernik (Bulgaria)

- Prof. Antoanela Hristova PhD, European Polytechnic University, Pernik (Bulgaria)
- Prof. Azra Adjajlic – Dedovic PhD, Faculty of criminology and security, Sarajevo (Bosnia & Herzegovina)
- Prof. Aleksandar Korablev, PhD, Dean, Faculty for economy and management, Saint Petrsburg State Forest Technical University, Saint Petrsburg (Russian Federation)
- Prof. Primoz Dolenc, PhD, Faculty of Management, Primorska University, Koper (Slovenia)
- Doc. Igor Stubelj, PhD, PhD, Faculty of Management, Primorska University, Koper (Slovenia)
- Prof. Hristo Beloev PhD, Bulgarian Academy of Science, Rector of the University of Rousse (Bulgaria)
- Prof. Branko Sotirov PhD, University of Rousse (Bulgaria)
- Prof Karl Schopf, PhD, Akademie fur wissenschaftliche forchung und studium, Wien (Austria)
-Prof. Isa Spahiju PhD, International Balkan University (Macedonia)
- Prof. Volodymyr Denysyuk, PhD, Dobrov Center for Scientific and Technologogical Potential and History studies at the National Academy of Sciences of Ukraine (Ukraine)
- Prof. Laste Spasovski PhD, Vocational and educational centre, Skopje (Macedonia)
- Prof. Branislav Simonovic PhD, Faculty of law, Kragujevac (Serbia)
- Prof. Dragan Kokovic PhD, University of Novi Sad, Novi Sad (Serbia)
- Prof. Sasha Kicoshev PhD, University of Novi Sad, Novi Sad (Serbia)
- Prof. Pere Tumbas PhD, Faculty of Economics , University of Novi Sad , Subotica (Serbia)
- Prof. Natalija Kirejenko PhD, Faculty For economic and Business, Institute of Entrepreneurial Activity, Minsk (Belarus)
- Prof. Zoja Katru PhD, Prorector, Euro College, Istanbul (Turkey)
- Prof. Mustafa Kacar PhD, Euro College, Istanbul (Turkey)
- Prof Evgenia Penkova-Pantaleeva PhD, UNWE -Sofia (Bulgaria)
- Prof. Nikolina Ognenska PhD, Faculty of Music, SEU - Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Tihomir Domazet PhD, President of the Croatian Institute for Finance and Accounting
- Prof. Stojan Ivanov Ivanov PhD, Faculty of Public Health and Sport, SWU Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Maja Lubenova Cholakova PhD, Faculty of Public Health and Sport, SWU Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Daniela Ivanova Popova PhD, Faculty of Public Health and Sport, SWU Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Branimir Kampl PhD, Institute SANO, Zagreb (Croatia)
- Prof. Marina Simin PhD, College of professional studies in Management and Business Communication, Sremski Karlovci (Serbia)
- Prof. Miladin Kalinic, College of professional studies in Management and Business Communication, Sremski Karlovci (Serbia)
- Prof. Helmut Shramke PhD, former Head of the University of Vienna Reform Group (Austria)
- Prof. Ahmad Zakeri PhD, University of Wolver Hampton, (United Kingdom)

- Prof. Tzako Pantaleev PhD, NBUniversity , Sofia (Bulgaria)
- Prof. Lisen Bashkurti PhD, Global Vice President of Sun Moon University (Albania)
- Prof. Baki Koleci PhD , University Hadzi Zeka , (Kosovo)
- Prof. Ivana Jelik PhD, University of Podgorica, Faculty of Law, (MNE)
- Prof. Islam Hasani PhD, Kingston University (Bahrein)
- Prof. Rumen Valcovski PhD, Imunolab Sofia (Bulgaria)
- Prof. Jonko Kunchev PhD, University „Cernorizec Hrabar“ - Varna (Bulgaria)
- Prof. Nedjad Korajlic PhD, Faculty of criminology and security, Sarajevo (Bosnia & Herzegovina) - Prof. Alisabri Sabani PhD, Faculty of criminology and security, Sarajevo (Bosnia &

Herzegovina)
- Prof. Jova Ateljevic PhD, Faculty of Economy, University of Banja Luka, (Bosnia & Herzegovina)
- Prof. Branislav Simonovic PhD, Faculty of law University of Kragujevac (Serbia)
- Doc. Tatyana Sobolieva PhD, State Higher Education Establishment Vadiym Getman Kiyev National Economic University, Kiyev (Ukraine)
- Prof. Svetlana Trajkovic PhD, High School of applied professional studies, Vranje (Serbia)
- Prof. Suzana Pavlovic PhD, High health – sanitary school for professional studies, Belgrade (Serbia)
- Prof. Zorka Jugovic PhD, High health – sanitary school for professional studies, Belgrade (Serbia)
- Prof. Dragan Marinkovic PhD, High health – sanitary school for professional studies, Belgrade (Serbia)
- Prof. Dusan Ristic, PhD Emeritus – Faculty of Management, Sremski Karlovci (Serbia)
- Prof. Rumen Stefanov, PhD, Dean, Faculty of public health, Medical University of Plovdiv (Bulgaria)
- Prof. Stojna Ristevska PhD, Dean, High Medicine School, Bitola, (Macedonia)
- Prof. Snezana Stoilova, PhD, High Medicine School, Bitola, (Macedonia)
- Prof. Lence Mircevska PhD, High Medicine School, Bitola, (Macedonia)
- Prof. Dzulijana Tomovska, PhD, Dean, Faculty of Biotechnical sciences, Bitola(Macedonia)
- Prof. Mitre Stojanovski PhD, Faculty of Biotechnical sciences, Bitola (Macedonia)
- Prof. Ljupce Kocovski PhD, Faculty of Biotechnical sciences, Bitola (Macedonia)
- Prof. Vasil Zecev PhD, College of tourism, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Nikola Bozkov PhD, College of tourism, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Vasil Pehlivanov PhD, College of tourism, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Oliver Dimitrijevic PhD, High medicine school for professional studies “Hipokrat”, Bujanovac (Serbia)
- Prof. Erzika Antic PhD, High medicine school for professional studies “Hipokrat”, Bujanovac (Serbia)
- Prof. Jelena Stojanovic PhD, High medicine school for professional studies “Hipokrat”, Bujanovac (Serbia)
- Prof. Georgi Georgiev PhD, National Military University “Vasil Levski”, Veliko Trnovo (Bulgaria)
- Prof. Miodrag Smelcerovic PhD, High medicine school for professional studies “Hipokrat”, Bujanovac (Serbia)
- Doc. Ana Dzumalieva PhD, South-West University “Neofit Rilski”, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Doc. Marija Kostić PhD, Faculty of Hotel Management and Tourism, Vrnjačka Banja (Serbia)
- Doc. Sandra Živanović PhD, Faculty of Hotel Management and Tourism, Vrnjačka Banja (Serbia)
- Doc. Snežana Milićević PhD, Faculty of Hotel Management and Tourism, Vrnjačka Banja (Serbia)
- Doc. Nebojsa Pavlovic PhD, Faculty of Hotel Management and Tourism, Vrnjačka Banja (Serbia)
- Prof. Kamal Al-Nakib PhD, College of Business Administration Department, Kingdom University (Bahrain)
- Prof. Venus Del Rosario PhD, Arab Open University (Philippines)
- Prof. Nishad M. Navaz PhD, Kingdom University (India)

## ORGANIZING COMMITTEE

- Robert Dimitrovski PhD, Faculty of Management, MIT University, Skopje (Macedonia)
- Venelin Terziev PhD, National Military Academy “Vasil Levski”, Veliko Trnovo (Bulgaria)
- Maria Kavdanska PhD, Faculty of Pedagogy, South West University Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Snežana Milićević PhD, Faculty of Hotel Management and Tourism, Vrnjačka Banja (Serbia)
-Sinisa Zaric, PhD, Faculty of Economics, University of Belgrade (Serbia)
- Evdokia Petkova, South West University “Neofit Rilski”, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Marios Miltiadou, PhD, Aristotle University of Thessaloniki (Greece)
- Azra Adjajlic – Dedovic PhD, Faculty of criminology and security, Sarajevo (Bosnia & Herzegovina)
- Misho Hristovski PhD, Faculty of Veterinary Medicine, Ss. Cyril and Methodius University, Skopje (Macedonia)
- Ana Dzumalieva PhD, South-West University “Neofit Rilski”, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Georgi Georgiev PhD, National Military University “Vasil Levski”, Veliko Trnovo (Bulgaria)
- Isa Spahiu PhD, International Balkan University (Macedonia)
- Suzana Samarxiu, PhD, University “Aleksandar Moisiu”, Durres (Albania)
- Violeta Dimova, PhD, University “Goce Delcev”, Stip (Macedonia)
- Mirjana Borota – Popovska, Centre for Management and Human Resource Development, Institute for Sociological, Political and Juridical Research, Skopje (Macedonia)
- Izet Zeqiri, PhD, South East European University, Tetovo (Skopje)
- Ekaterina Arabska, PhD,Vasil Levski National Military University, Veliko Tarnovo (Bulgaria)
- Nebojsa Cvetanovski, PhD, MIT University, Skopje (Macedonia)
- Rumen Valcovski PhD, Imunolab Sofia (Bulgaria)
- Miladin Kalinic, College of professional studies in Management and Business Communication, Sremski Karlovci (Serbia)

# Table of Contents

CAREER EDUCATION IN CONTEMPORARY SECONDARY SCHOOL ..... 452
Dimitar Iskrev, Ph.D ..... 452
FRAMEWORK FOR QUALITY IN EDUCATION ..... 458
Dragana Bogavac, Ph.D ..... 458
FUNDAMENTALS OF APPLICATION OF EVA-BASED MODELS IN THE MANAGEMENT OF CORPORATE SOCIAL RESPONSIBILITY ..... 462
Venelin Terziev, Ph.D ..... 462
Nedka Nikolova, Ph.D ..... 462
LEARNING IN STATIONS EFFECTIVE FORM FOR ORGANIZATION OF THE EDUCATION IN MAN AND SOCIETY ..... 470
Snezhana Lazarova, Ph.D ..... 470
Lyudmila Zafirova ..... 470
ACCOUNTING ESTIMATE KNOWLEDGE APPLICABILITY IN THE SETTING OF ACCOUNTING BASES ..... 474
Valentina Staneva, Ph.D ..... 474
AUDIT, CORPORATIZATION AND PRIVATIZATION OF PUBLIC ENTERPRISES - THE MAIN LEVER OF REFORM OF PUBLIC SECTOR IN TRANSITION ..... 480
Dejan Andrejević ..... 480
Dejan Dimitrijević ..... 480
COMPARISON BETWEEN THE TWO GREATEST WORLD ECONOMIC CRISES REGARDING THE BANKING SYSTEMS ..... 488
Nada Petrusheva, Ph.D ..... 488
Elena Jordanoska ..... 488
Igor Jordanoski, MSc ..... 488
CORPORATE GOVERNANCE IN TRANSITION ECONOMIES ..... 494
Olivera Gjorgieva-Trajkovska Ph.D ..... 494
Blagica Koleva, Ph.D ..... 494
Vesna Georgieva Svrtinov, Ph.D ..... 494
Krume Nikoloski, Ph.D ..... 494
DEVELOPING OF ECONOMIC COMPETITION AND MARKET ECONOMY IN KOSOVO ..... 500
Bedri Statovci, Ph.D ..... 500
Gani Asllani, Ph.D ..... 500
ECONOMIC AND DEVELOPMENT GROWTH-WESTERN BALKAN CASE ..... 506
Gani Asllani ..... 506

Bedri Statovci...506
ECONOMIC ANALYSIS OF LAW - THEORETICAL BASICS AND PRACTICAL DIMENSIONS...514
Stanka Rinkova, PhD...514
Irina Atanasova, PhD...514
PRODUCT IMAGE AS A FACTOR IN PURCHASE DECISION...520
Dijana Damevska...520
Maja Kocoska Ph.D...520
HUMAN FACTOR MOTIVATION IN FUNCTION OF STRATEGIC COMPANY DEVELOPMENT...526
Mihajlovski Goran, Ph.D...526
Dojcinovski Trajce, Ph.D...526
Bojkovska Kateerina, Ph.D...526
Jankulovski Nikolce, Ph.D...526
INDUSTRIAL CLUSTER - OPPORTUNITY FOR REGIONAL DEVELOPMENT OF DAIRY SECTOR IN BULGARIA...532
Annie Yaneva...532
Iva Bichurova...532
ECONOMIC PROCESS LEADING TO A REENGINEERING EFFECT...538
Slobodan Stefanovic, Ph.D...538
MODELING INDUSTRIAL CLUSTER IN DAIRY PRODUCTS SECTOR IN THE TERRITORY OF SOUTH CENTRAL REGION IN BULGARIA...544
Annie Yaneva...544
Atanaska Teneva, Ph.D...544
THE ROLE OF STUDENT PRACTICE IN FUNCTION OF IMPROVEMENT OF ENTREPRENEURSHIP EDUCATION IN REPUBLIC OF MACEDONIA...548
Bozidar Milenkovski, Ph.D...548
Monika Markovska, Ph.D...548
Sasho Dodovski, Ph.D...548
WHY ORGANIZATIONS ARE ORIENTED TOWARD GROUP DECISION-MAKING?...554
Juliana Osmani, Ph.D...554
Sanie Doda, Ph.D...554
OPERATIONAL MANAGEMENT...560
Maja Pehchevska...560
PARLIAMENTARY SUPERVISION OF THE SECURITY SERVICES, REALITY OR FICTION...566
Vladimir Pivovarov, Ph.D...566

SYSTEMATIZATION OF ORIGINAL INFORMATION IN STATISTICAL ROWS IN THE PLANNING OF SUPPLY WITH CLOTHES AND EQUIPMENT IN BULGARIAN ARMED FORCES ........ 570
Venelin Terziev, Ph.D........ 570
Daniel Manolov, Ph.D ........ 570
FINANCING OF THE BUDGET DEFICITE AND THE NEED FOR MANAGEMENT OF THE PUBLIC DEBT .. 576
Aleksandar Dejanovski, PhD ........ 576
Biljana Buzlevski, PhD ........ 576
Aleksandra Cibreva-Jovanovska, PhD ........ 576
Irena Korubin, MSc ........ 576
HISTORICAL DEVELOPMENT OF RULES OF EVIDENCE IN CRIMINAL PROCEEDINGS FOR SUCCESSFUL PROTECTION OF HUMAN RIGHTS ........ 584
Vesna Trajanovska LL.M. ........ 584
Nikola Mickoski Ph.D ........ 584
A COMPARATIVE ANALYSIS OF PARAMETERS OF THE MASTICATORY FUNCTION IN PATIENTS WITH METAL-CERAMIC CONSTRUCTIONS ........ 592
Mariana Dimova-Gabrovska Ph.D, DSc. ........ 592
Desislava Konstantinova Ph.D. ........ 592
EVALUATION OF PERFORMED HEALTHCARE SERVICES IN PHI “ST. PANTELEIMON” IN MACEDONIA598
Aneta Mijoska ........ 598
Juliana Nikolovska ........ 598
Biljana Kapusevska ........ 598
CASELOAD AND BURNOUT IN MEDICAL PROFESSIONALS ........ 600
Silviya Tsvetkova, Ph.D ........ 600
COMPLICATIONS FOLLOWING INAPPROPRIATE TREATMENT PLANNING OF DENTAL BRIDGE PROSTHESES ........ 606
Desislava Konstantinova, Ph.D ........ 606
OUR EXPERIENCE IN REHABILITATION OF AMYOTROPHIC LATERAL SCLEROSIS ........ 610
Snezhina Georgieva ........ 610
Varvara Pancheva ........ 610
A DECADE OF EXPERIENCE IN SURGICAL TREATMENT OF INFECTIVE ENDOCARDITIS ........ 616
Zaprin Vazhev PhD ........ 616
Asen Ivanov MD ........ 616
Todor Gonovski MD ........ 616
Hristo Stoev ........ 616

PERFORMANCE HELD PROGRAM FOR PREVENTION OF WORK STRESS IN HEALTH CARE PROFESSIONALS ..... 626
Iva Ivanova ..... 626
HOW DEAF STUDENTS ENROLLED IN SPECIAL SCHOOLS AND WITH VARIOUS HOUSING ENVIRONMENTS USE WRITING IN THE PROCESS OF THEIR SOCIALIZATION ..... 632
Radomir Arsić ..... 632
APPLICATION OF AROMATHERAPY IN HEALTH PROTECTION ..... 638
Aleksandar Grujičić ..... 638
Stefan Grujičić ..... 638
Milenka Vraneš - Grujičić ..... 638
Katica Rašković ..... 638
APPLICATION OF PARSLEY AS SPICE AND MEDICAL PLANT ..... 642
Filip Jovanovski ..... 642
Blagica Cekova ..... 642
Viktorija Bezhovska ..... 642
Erhan Mustafa ..... 642
PREVENTION OF CHRONIC DISEASES OF THE ELDERLY ..... 648
Katica Rašković ..... 648
Milenka Vraneš-Grujičić ..... 648
Aleksandar Grujičić ..... 648
Stefan Grujičić ..... 648
THE IMPACT OF PLANT TOXINS IN THE HUMAN DIET ..... 652
Blagica Cekova ..... 652
Ivana Mircevski ..... 652
Filip Jovanovski ..... 652
Viktorija Bezhovska ..... 652
Erhan Mustafa ..... 652
THE USE OF LEGAL DRUGS – RISKS AND SOCIAL CONSEQUENCES ..... 656
Rumiana Budjeva, Ph.D ..... 656
HEALTH-RESORT SPA AND BALNEO-CLIMATE TREATMENT IN BULGARIA ..... 664
Rumyana Bahchevandzhieva, Ph.D ..... 664
MANAGING PRINCIPLE OF PSYCHOLOGICAL SYSTEM CHANGES ..... 668
Ljiljana Dešević ..... 668

Milenka Vraneš-Grujičić ........ 668
Grujičić Aleksandar ........ 668
Grujičić Stefan ........ 668
MANAGEMENT PRACTICES OF MEDICAL WASTE IN SERBIA ........ 672
Goran Amin ........ 672
Dragan Milic ........ 672
Marija Kodric ........ 672
Miodrag Smelcerovic ........ 672
Dragan Djordjevic ........ 672
RADON MINERAL WATER - NATURAL REMEDY OR POISON ........ 678
Katsarska R. ........ 678
Petrova R. ........ 678
THE LABOR MARKET FOR HEALTH PROFESSIONALS IN BULGARIA ........ 684
Rumyana Stoyanova ........ 684
SPORT AND RECREATIONAL TOURISM – THE NEED OF A MODERN HUMAN ........ 690
Miodrag Velojić, Ph.D , ........ 690
Olica Radovanović, ........ 690
Branka Jemuović ........ 690
Nataša Birovljev, ........ 690
RADIOACTIVITY IN THE ENVIRONMENT ........ 694
Jovana Džoljić MSc ........ 694
Svetlana Stevović Ph.D ........ 694
Ljiljana Đorđević Ph.D ........ 694
WITH KNOWLEDGE TO A CLEANER ENVIRONMENT ........ 700
Oliver Dimitrijević, ........ 700
Miodrag Šmelcerović, ........ 700
Dragan Milić ........ 700
Goran Amin, ........ 700
Marija Kodrić, ........ 700
Dragan Djordjević ........ 700
MANAGEMENT SYSTEM OF FOOD SAFETY - ISO 22 000 ........ 706
Jasmina Stojiljkovic ........ 706
Jelena Stojiljkovic ........ 706

MOTELS AS ARCHITECTURAL AND FUNCTIONAL UNIT ........ 712
Vangel Dunovski Ph.D ........ 712
Ljupco Balkoski ........ 712
Radmila Tomovska ........ 712
BUILDING TECHNIQUES IN ANTIQUITY IN BREGALNICA BASIN ........ 720
Trajce Nacev, Ph.D ........ 720
Dragan Veselinov, Ph.D ........ 720
FOR THE ARCHITECTURE OF DOUBLE HOUSES in the str. "Janko MIHAJLOVSKI" 11-13 IN KICEVO, MAKEDONIJA ........ 724
Marula Nikoloska Ph.D ........ 724
ENERGY EFFICIENT AND GREEN ARCHITECTURE - ARCHITECTURE OF THE FUTURE ........ 730
Marija Mihajlović ........ 730
WOOD IN HOUSE CONSTRUCTION TO VRANJE COUNTY ........ 734
Ružica Stojanović, ........ 734
AVERAGE POWER AND VARIANCE IN THE PROCESSING OF REAL VOICE SIGNALS ........ 740
Goran Petković ........ 740
BIODIVERSITY OF BENTHIC DIATOMS IN LAKE “ALEKSANDROVAČKO JEZERO”, SOUTHEAST SERBIA: IMPLICATIONS FOR CONSERVATION ........ 746
Srđan Tasić ........ 746
ZOOHYGIENIC EVALUATION OF A FARM FOR RABBITS` BREEDING ........ 752
Hristo Hristev ........ 752
Angel Angelov ........ 752
CONTRIBUTION OF THE MULTIFUNCTIONAL ORGANIC FOOD PRODUCTION AND THE ROLE OF RENEWABLE ENERGY FOR PROMOTION OF ENTREPRENEURSHIP AND SUSTAINABLE DEVELOPMENT ........ 756
Ljiljana Stošić Mihajlović, Ph.D ........ 756
Darjan Bojkov, Ph.D ........ 756
GEOLOGICAL STORAGE OF CARBON DIOXIDE ........ 762
Jelena Marković ........ 762
TITLE STRUCTURES IN RESEARCH ARTICLES (EMP) ........ 770
Ilina Tsvetanova Doykova, PhD ........ 770
VOCABULARY LEARNING STRATEGIES USED BY ESP STUDENTS TO DISCOVER UNFAMILIAR VOCABULARY ........ 776
Maja Stanojević Gocić ........ 776

UNDERGRADUATE ENGINEERING STUDENTS' PERCEPTIONS OF THE IMPORTANCE OF LANGUAGE SKILLS ........ 784
Slađana Živković, Ph.D ........ 784
Vanče Bojkov, ........ 784
MOTHER TONGUE AS A FACTOR DEFINING LINGUISTIC IDENTITY ........ 790
Irina Mitarcheva ........ 790
LINGUOSTYLISTIC PECULIARITIES OF ADVERTISMENTS ........ 794
Amela Bajrić ........ 794
THE CONCEPTS OF THE NATIONAL IDENTITY ON THE KAJGANA FORUM ........ 800
Biljana Rajčinova-Nikolova ........ 800
WORKING-BEE IN BULGARIAN TRADITIONAL CULTURE ........ 808
Todorka Malcheva Ph.D ........ 808
EDUCATIONAL CHALLENGES IN THE FOURTH INDUSTRIAL REVOLUTION ........ 814
Jovan Bazić, Ph.D ........ 814
Margareta Ljubisavljević, MA ........ 814
THE EDUCATIONAL AND CULTURAL DEVELOPMENT IN STRUGA AND THE STRUGA REGION ........ 820
Edi Kela ........ 820
THE DEEPEST DEMOGRAPHIC AGE OF THE POPULATION OF EASTERN SERBIA AS A CHALLENGE TO POPULATIONAL EDUCATION ........ 824
Olica Radovanović, ........ 824
Modrag Velojić, Ph.D , ........ 824
Branka Jemuović, ........ 824
Nataša Birovljev, ........ 824
TEACHING THE MUSICAL FORM THEME WITH VARIATIONS THROUGH AN ELECTRONIC TEXTBOOK830
Krasimira Fileva-Ruseva, Ph.D ........ 830
PREPARATORY SINGING AND ARTISTIC CREATION OF THE SONG – TWO SIDES OF THE VOCAL INTONING DURING SOLFEGGIO CLASSES ........ 836
Iliana Chervenakova, PhD ........ 836
LISTENING TO MUSIC IN TEACHING OF ELEMENTARY SCHOOL MUSIC CULTURE SUBJECT FOR THE PURPOSE OF ACQUISITION OF KNOWLEDGE ABOUT MUSIC ........ 842
Dragana Cicović Sarajlić PhD ........ 842
Biljana M. Pavlović PhD ........ 842
MSc Anđelka Kovač ........ 842

THE NEGLECTED QUALITIES OF THE DANICA KRSTIC'S "PIANO SCHOOL" BOOK AND ITS IMPORTANCE FOR THE DEVELOPMENT OF THE PIANO KNOWLEDGE .................... 846

Petar Ilic, Ph.D .................... 846

EDUCATION METHODOLOGY OF LISTENING TO MUSIC IN PRIMARY SCHOOL .................... 850

Tanya Burdeva, Ph.D .................... 850

ИЗУЧАВАНЕ НА СВЕТЛИНАТА-КЛЮЧОВ ИНСТРУМЕНТ ЗА ВИЗИЯТА В КИНОИЗКУСТВОТО .......... 856

Симеон Симов .................... 856

# CORPORATE GOVERNANCE IN TRANSITION ECONOMIES

**Olivera Gjorgieva-Trajkovska Ph.D**
UGD, Faculty of Economics-Stip, Republic of Macedonia olivera.trajkovska@ugd.edu.mk
**Blagica Koleva, Ph.D**
UGD, Faculty of Economics-Stip, Republic of Macedonia blagica.koleva@ugd.edu.mk
**Vesna Georgieva Svrtinov, Ph.D**
Institute of Economics - Skopje, Republic of Macedonia vesna.svrtinov@ugd.edu.mk
**Krume Nikoloski, Ph.D**
UGD, Faculty of Economics, Republic of Mavedonia

**Abstract:** With more evident process of globalization of the world market, the concept of corporate governance gains importance. The global economic crisis highlighted the problems of corporate governance both in developed countries and developing economies. Analyzing the effects of the global economic crisis, including striking collapse of many companies, the huge increase in unemployment and the increased number of people living on the poverty line and below, it can be concluded that some of these problems are result of various weaknesses and failures of corporate governance. Even though the introduction of a number of rules, codes and practices of corporate governance have been made, the global economic crisis has shown that more effective application of the standards of corporate governance is necessary. Corporate governance issues are especially important in transition economies, since these countries do not have the long-established financial institution infrastructure to deal with corporate governance issues. Before 1989 there was no need to discuss corporate governance issues, because all enterprises were owned by the state and there were no shareholders. All that has changed. This paper discusses the importance of corporate governance, with special reference to transition economies. Directors, owners and corporate managers have started to realize that there are benefits that can accrue from having a good corporate governance structure. Good corporate governance helps to increase share price and makes it easier to obtain capital. International investors are hesitant to lend money or buy shares in a corporation that does not subscribe to good corporate governance principles. Transparency, independent directors and a separate audit committee are especially important.
**Keywords:** corporate, governance, transition, principles

# КОРПОРАТИВНОТО УПРАВУВАЊЕ ВО ТРАНЗИЦИОНИТЕ ЕКОНОМИИ

**Проф. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска**
УГД, Економски факултет – Штип, Република Македонија olivera.trajkovska@ugd.edu.mk
**Доц. д-р Благица Колева**
УГД, Економски факултет – Штип, Република Македонија blagica.koleva@ugd.edu.mk
**Доц. д-р Весна Георгиева Свртинов**
Економски институт – Скопје, Република Македонија vesna.svrtinov@ugd.edu.mk

**Резиме:** Со се поизразениот процес на глобализација на светскиот пазар, концептот на корпоративно управување добива се поголемо значење. Глобалната економска криза во прв план ги истакна проблемите во врска со корпоративното управување, како во развиените земји, така и во економиите во транзиција. Анализирајќи ги последиците од глобалната економска криза, како невидениот колапс на голем број фирми, огромниот раст на невработеноста, како и зголемениот број луѓе кои живеат на границата на сиромаштијата и под неа, можеше да се заклучи дека дел од овие проблеми потекнуваат од различните слабости и неуспеси на корпоративното управување. Дури и покрај воведувањето на бројни правила, кодекси и практики на корпоративно управување, глобалната економска криза покажа дека е неопходна поефикасна примена на принципите на корпоративното управување. Прашањата поврзани со корпоративното управување се особено значајни за транзиционите економии, од причина што тие не располагаат со воспоставена финансиска институционална инфраструктура неопходна за нивен развој. Пред 1989 воопшто и не се дискутираше за потребата од корпоративно управување, од едноставна причина што сите претпријатија беа државни и не постоеја акционери. Меѓутоа, оваа состојба се промени. Овој труд го обработува корпоративното управување, со посебен акцент на земјите во транзиција. Директорите, сопствениците и корпоративните менаџери сватија дека постојат многу придобивки од развиената структура на корпоративно управување во компаниите. Доброто корпоративно управување овозможува зголемување на цената на акциите и го олеснува обезбедувањето

на капитал. Меѓународните инвеститори одбиваат да позајмуваат средства или да купуваат акции од компании кои немаат воспоставено принципи на добро корпоративно управување. Особено значајни во овој поглед се транспарентноста, независните директори и самостојниот ревизорски одбор во компаниите.

**Клучни зборови:** корпоративно, управување, транзиција, принципи

## 1. ВОВЕД

Доброто корпоративно управување придонесува за одржливиот економски развој на секоја земја на тој начин што:

- Ги подобрува деловните резултати на компаниите и нивната оперативна ефикасност;
- Го подобрува и помага пристапот до пазарите на капитал;
- Ги намалува трошоците на компаниите во делот на стекнување на капитал и ја зголемува вредноста на имотот;
- Придонесува за подобрување на репутацијата на компаниите.

Актуелните процеси како глобализацијата, финансиската криза и процесот на транзиција во многу земји, па и во нашата, условија сложена економска реалност и повисоко ниво на неизвесност во современото работење на компаниите, во кое адекватното и релевантно деловно одлучување треба да се засноваат на разбирливи, доверливи и споредливи сметководствени информации од финансиска и нефинансиска природа. Барањата на стејкхолдерите за информации стануваат се покомплексни во поглед на содржината, обемот и квалитетот на информациите кои се презентираат во финансиските извештаи, а квалитетното финансиско известување императив за опстанокот и развојот на компаниите во новото деловно окружување.

Постоење на соодветна сметководствена регулатива и квалитетни механизми на корпоративно управување (систем на интерна контрола, интерна ревизија, екстерна ревизија и одбор за ревизија) и нивно доследно усвојување и примена, претставуваат клучни претпоставки за обезбедување квалитет на финансиското известување. Корпоративните скандали, кои секојдневно ги потресуваат компаниите, јасно сведочат за потребата од континуирано преиспитување и подобрување на регулативите на сметководствената и ревизорската професија, како и улогата на корпоративните надзорни механизми во процесот на финансиско известување.

Имајќи во предвид дека многу земји во транзиција, меѓу кои и Република Македонија, со цел за ефикасно вклучување во глобалните текови, нормативните рамки за корпоративно управување и финансиско известување ги градат врз основа на меѓународните решенија и практики, интересно е да се анализира како новите решенија за современо корпоративно управување влијаат врз процесот на финансиското известување, и посебно, врз резултатите од работењето – профитабилноста на компаниите во земјите во транзиција.

## 2. ДЕФИНИРАЊЕ И МЕХАНИЗМИ НА КОРПОРАТИВНОТО УПРАВУВАЊЕ

Кога се зборува за корпоративното управување, постојат голем број на дефиниции на овој поим кои тргнуваат пред се од нивото и опфатот на чисто економскиот (“shareholder” пристап) или поширокиот (“stakeholder” пристап) концепт. [43]

Така, во потесна смисла на зборот, набљудувано од перспектива на компаниите, корпоративното управување може да се дефинира како сет на правила со кои се уредуваат односите помеѓу сопствениците и менаџментот на компанијата. Според дефиницијата на ОЕЦД од 2001,“ корпоративното управување претставува јавна и приватна институционална рамка која вклучува правна инфраструктура, законска и деловна практика, креирани со цел за уредување на ефикасен однос помеѓу менаџерите, од една страна, и сите оние кои инвестираат во компанијата, од друга страна (сопствениците)”.

Светска банка пошироко го дефинира поимот корпоративно управување – како институционална рамка која овозможува поквалитетен однос помеѓу менаџерите, сопствениците и останатите стејкхолдери (вработени, држава, јавност и сл.).

[43] Aguilera, Ruth V. and Jackson, Gregory (2003) ‘The Cross-National Diversity of Corporate Governance: Dimensions and Determinants’, Academy of Management Review, 28(3): 447-465.

Корпоративното управување исто така е дефинирано и како систем на дистрибуција на правата и одговорностите помеѓу различните учесници кои партиципираат во работата на компанијата, пред се сопствениците и менаџерите, како и добавувачите, потрошувачите, финансискиот сектор и сл.
Најопшта е дефиницијата според која корпоративното управување претставува правен, економски и социјален феномен, кој е создаден пред се од приватната иницијатива, со основна цел максимизирање на ефикасноста во работењето и намалување на конфликтите на интересите на менаџерите и сопствениците на компанијата, како и намалување на нивото на агенциските трошоци, кои се јавуваат како производ на разделување, одвојување на управувачката од сопственичката функција.
Еден од најзначајните механизми на корпоративното управување кој е карактеристичен за земјите кои немаат развиен пазар на капитал, претставува концентрацијата на сопственоста. Во овој случај основна претпоставка е дека големиот сопственички удел овозможува ефикасен надзор на менаџментот од страна на сопствениците, со ниски агенциски трошоци. Меѓутоа, овој механизам условува често ставање на малцинските сопственици во зависна положба во однос на големите сопственици (Beiner et al. 2003, Shleifer and Vishny, 1997) и експропријација на нивните права.
Одборот (бордот) на директори претставува, исто така, еден од механизмите преку кој акционерите и сопствениците можат на ефикасен начин да вршат мониторинг на менаџментот. Силен и организиран борд на директори е многу важен за креирање на ефикасна стратегија, ефикасен надзор на менаџментот и дефинирање на идентитетот на компанијата. Притоа, многу значајна е структурата на бордот на директори (односот меѓу извршните и неизвршните директори). Така, емпириската литература е поделена помеѓу оние кои укажуваат дека неизвршните директори овозможуваат ефикасно и независно следење на работата на менаџментот ( Lin et al., 2002 ) и оние кои ја заговараат тезата дека неизвршните директори немаат доволно информации за компанијата и не се заинтересирани за критички осврт на работењето на компанијата ( Hermalin and Weisbach, 1991 ).
Компензациите на менаџментот, како и бонусите, претставуваат еден од најчесто користените интерни инструменти на корпоративното управување, за кој се претпоставува дека претставува квалитетен поттикнувачки инструмент кој треба да ги усогласи интересите на сопствениците (максимизација на профитот), со интересите на менаџментот. Вообичаено, компензациите на менаџментот не се однесуваат само на паричните износи кои се одредуваат врз основа на ефикасноста на работата на менаџментот, туку и на компензациите во облик на акции од компанијата, кои треба да допринесат до уште поквалитетно усогласување на интересите на менаџерите со интересите на сопствениците, бидејќи преку овој аранжман и менаџерите стануваат сопственици. Меѓутоа, овој механизам може да предизвика уште поопортунистичко однесување на менаџментот, бидејќи преку манипулациите со информациите во финансиските извештаи може да се влијае на цената на акциите, со цел за добивање што поповолни и поголеми компензации. Одтука произлегува и опасноста на овој механизам, доколку не е соодветно контролиран.
Екстерните механизми на корпоративно управување се однесуваат пред се на пазарот на корпоративна контрола, кој на ефикасен начин врши мониторинг на менаџментот на компаниите, така да оние компании кои не се доволно ефикасни, односно чиј менаџмент не работи ефикасно, многу брзо може да бидат превземани од поефикасните компании. Исто така, еден од ефикасните механизми на корпоративна контрола претставува и пазарот на менаџерите, кои го принудува истите на ефикасно работење, од причина што секогаш постои можност за замена.
Резимирано, деловната практика ја покажа потребата за институционализација на корпоративното управување внатре во компаниите, преку чија целосна имплементација се овозможува ефикасно решавање на проблемот поврзан со конфликтот на интереси помеѓу сопствениците и менаџментот, преку целосно почитување на правата на сите стејкхолдери, од добавувачите, преку вработените, до финансиските институции.

## 3. ЗНАЧЕЊЕТО НА КОРПОРАТИВНОТО УПРАВУВАЊЕ ЗА РАЗВОЈОТ НА ТРАНЗИЦИОНИТЕ ЕКОНОМИИ

Неодамнешните искуства од земјите во транзиција покажуваат дека претпоставката дека ефикасен систем на корпоративно управување ќе се развие автоматски, како резултат на трансформацијата на сопственоста, е сосема нереална. Дури и во развиените пазарни економии, разликите во сопственичката структура и нивото на концентрација или дисперзија на сопствениците, влијае многу врз селекцијата и приспособувањето на корпоративните контролни механизми. Во земјите во транзиција, проблемот на поставување на добро корпоративно управување станува уште покомплексен, како последица на неразвиената институционална инфраструктура. Од оваа причина, неопходен е внимателен и сериозен пристап кон корпоративното преструктуирање, со цел да се

воспостави моќен приватен сектор, преку кој ќе се реализира успешна економска трансформација кон развиена пазарна економија.[44]

Значењето на развиеното и ефикасно корпоративно управување за земјите во транзиција може да се објасни едноставно, преку неговото влијание врз следните подрачја: 1) креирање на клучниот сектор на приватни компании, кои се носители на развојот и на ефикасна економска трансформација кон пазарна економија; 2) ефикасна алокација на капиталот и развој на финансиските пазари; 3) привлекување на странски инвестиции и 4) придонес кон процесот на целокупниот национален развој.

Развојот на корпоративното управување бара воспоставување на неопходните пазарни институции неопходни за поддршка на економскиот развој на земјата. Без развиено корпоративно управување, компаниите не можат да ја остварат основната мисија – остварување профит и зголемување на социјалната благосостојба, со максимална ефективност. Компаниите не можат да работат успешно без поставување на адекватни правила на управување и институции кои истите ги подржуваат, како и без прифаќање на култура на корпоративно управување помеѓу менаџерите, сопствениците и останатите стејкхолдери.

Во земјите во развој, компаниите и придружните институции се клучни фактори во процесот на економска трансформација. Добро поставено и развиено корпоративно управување бара да сите релевантни актери во овој процес ги препознаат и добро разберат своите улоги. Масовната приватизација создаде многу менаџери кои не се активни учесници во сопственичките односи, бидејќи едноставно не ги сфаќаат суштински нивните улоги, права и одговорности. Многу од нив, едноставно ги чекаат само исплатите на дивидендите, кои се многу често со незначителни вредности. Тие исто така, често, не можат да ја сфатат улогата на агенти која ја имаат во однос на сопствениците, и ги раководат компаниите како да се нивна сопственост, преку задоволување на сопствените интереси, на штета на сопствениците и на компанијата како целина. Корпоративното управување бара кохерентна и стриктна национална регулатива, која е основа за поставување на мисијата и целите на креаторите на економската политика на земјата. Исто така, неопходни се регрутирање, обука и награда на професионални менаџери кои се одликуваат со високи стандарди на компетенција, етичност и одговорност.

Корпоративното управување е поврзано директно со финансирањето и инвестициите во земјата. Дисциплинирањето на менаџерите, преку механизмите на корпоративното управување, резултира во ефикасна алокација на ресурсите. Ова е значајно за земјите во развој, од двојна причина: недостатокот на домашно штедење ја наметнува потребата за насочување на капиталот кон најпрофитабилните компании, што е можно само со воспоставување на јавни, транспарентни и постојано мониторирани принципи на корпоративно управување; дополнително, во услови на имперфектност на пазарните механизми (неразвиен пазар на акции и обврзници и недоволно ефикасен банкарски систем), корпоративното управување претставува дополнителен механизам за дисциплинирана и ефективна менаџмент контрола во компаниите. Може да се заклучи дека доброто корпоративно управување е значаен фактор за функционирање на финансиските пазари, кој придонесува за ефикасна алокација на финансиските ресурси и истовремено е клуч за ефикасен економски развој.

Меѓународните капитални текови им овозможуваат на компаниите обезбедување на извори за финансирање на работењето од голем број на инвеститори. Доколку земјите сакаат да ги искористат предностите на глобалните капитални пазари и истовремено да привлечат долгорочен капитал, мораат да ги почитуваат јасно поставените стандарди и принципи на корпоративно управување на интернационално ниво. Степенот до кој компаниите ги почитуваат и применуваат основните принципи на доброто корпоративно управување е релевантен фактор за донесување на инвестициони одлуки. Ова е особено важно кога станува збор за директните инвестиции, кои се посебно значајни и корисни за земјите во транзиција, од причина што тие не значат само прилив на капитал, туку и трансфер на нови технологии, способности, know-how, и сл. Директните инвеститори, кои практикуваат голем степен на контрола, посветуваат особено големо внимание на рамката на корпоративното управување во земјата, барајќи почитување и адаптирање на глобалните стандарди (за отчетност, транспарентност, за сметководство и ревизија и сл.).

Ефикасното корпоративно управување не може да се гледа изолирано. Во делот на финансискиот сектор на земјата посебно внимание треба да се посвети на мерките за зајакнување на банкарскиот систем и на финансиските институции како целина. Во реалниот сектор, согласно препораките на ОЕЦД, посебна грижа треба да и се посвети на политиката за конкурентност, како и на специфичните секторски реформи.

## 4. НЕОПХОДНОСТ ОД РАЗВОЈ НА РАМКА ЗА КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ

[44] Verica Babic, “Corporate governance problems in transition economies”, 2001

Конкретниот систем на корпоративно управување може да се разликува значително, во зависност од механизмите кои ги користат сопствениците за да влијаат врз однесувањето и работата на менаџерите[45]. Може да се разликуваат три различни начини со чија примена сопствениците ја одржуваат контролата врз работењето на менаџерите: 1) сопствениците директно влијаат врз дефинирање на стратегијата на компанијата и на селекцијата на менаџерскиот тим; 2) сопствениците ги делегираат правата на борд на менаџери, меѓутоа се осигуруваат дека компензациите и останатите бонуси се усогласени со порастот на цената на акциите и 3) сопствениците се потпираат на пазарните механизми на корпоративна контрола, како што е преземањето, кога како резултат на падот на цената на акциите, нови сопственици ја преземаат компанијата и го менуваат менаџментот, со цел за рехабилитација на компанијата и пораст на нејзината пазарна вредност.

Со други зборови, механизмите за корпоративно управување можат да бидат како интерни, така и екстерни (Табела 1). Интерните механизми на корпоративно управување вклучуваат: 1) концентрација на сопственоста, 2) борд на директори, 3) наградување на менаџерите и 4) воведување мулти дивизиона организациона структура на компанијата. Екстерниот механизам на корпоративно управување се однесува пред се на пазарот на корпоративна контрола, т.е. станува збор за појава на група на потенцијални сопственици кои ги напаѓаат потценетите компании, со цел да го променат неефикасниот менаџмент тим и да ја подобрат конкурентната позиција на компанијата.

**Табела 1** – Механизми на корпоративно управување

| **ИНТЕРНИ МЕХАНИЗМИ:** | |
|---|---|
| **1. Концентрација на сопственоста** | Поседување на релативен износ од вредноста на акциите од страна на индивидуални сопственици или институционални инвеститори |
| **2. Борд на директори** | Индивидуални лица се одговорни и ги претставуваат интересите на сопствениците, преку контрола на стратегиските одлуки носени од страна на топ менаџментот |
| **3. Наградување на менаџерите** | Употреба на екстра заработувачки, бонуси и останати долгорочни стимулации, со цел усогласување на интересите на менаџерите и сопствениците |
| **4. Мулти дивизиона организациона структура** | Поделба на бизнисот на повеќе дивизии, заради контрола на стратешките одлуки на менаџментот |
| **ЕКСТЕРНИ МЕХАНИЗМИ:** | |
| **Пазарна корпоративна контрола** | Преземање контрола на неуспешните компании заради подобрување на стратегиската конкурентност |
| | |

## 5. ЗАКЛУЧОК

Земјите во транзиција се соочуваат со проблемите поврзани со корпоративното управување на специфичен начин. На бизнис опкружувањето во овие земји му недостасуваат одредени елементи неопходни за поставување и одржување на конкурентски односи, кои претставуваат предност, пред се, на постарите, големи и доминантни компании, со што се обесхрабрува претприемништвото и појава на нови компании. Нестабилните макроекономски услови креираат опкружување со изразена несигурност, со непредвидливи економски услови, во кои менаџерите ги гледаат своите позиции како привремени и несигурни, што води кон напори за максимизирање на нивните сопствени профити, наместо на профитот на компанијата во целост. Во вакви услови, улогата на државата е двојна: од една страна нејзината улога

[45] Davis, F. G. and M. Useem,, (2000) Top Management, Company Directors, and Corporate Control, in Handbook of Strategy and Management, ed. Pettigrew, A., Thomas, H. and Whittington, http://www/ calpers-governance.org/

треба да биде ограничена; од друга страна, неопходна е силна државна власт, која преку политичката програма успешно ќе ја спроведе економската трансформација. Негувањето на добрите деловни односи помеѓу компаниите и банките е исто така значајно, од аспект на обезбедување на потребниот капитал и кредити, и истите и понатаму остануваат под големо влијание на личните и институционални односи и врски. Во услови на недостапност на финансирање преку кредити, развиените деловни односи и довербата помеѓу компаниите обезбедуваат алтернативен метод на финансирање.

**ЛИТЕРАТУРА**

[1] Aguilera, Ruth V. and Jackson, Gregory, 'The Cross-National Diversity of Corporate Governance: Dimensions and Determinants', Academy oManagement Review, 2003

[2] Verica Babic, "Corporate governance problems in transition economies", 2001

[3] Davis, F. G. and M. Useem,, Top Management, Company Directors, and Corporate Control, in Handbook of Strategy and Management, ed. Pettigrew, A., Thomas, H., 2000

[4] Young, M. N., M. W. Peng, D. Ahlstrom, and Bruton G. D., Governing The Corporation In Emerging Economies: A Principal-Principal Perspective, Academy Of Management Proceedings BPS:E1, 2002

[5] Babic, V. and S. Janosevic, "How to Improve the Process of Strategic Change Management in Transition Economy Enterprises", Strategic Management Society, 2001